Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021) во врска со објавениот интерен оглас бр.01/2021 година, директорот на Биро за јавни набавки донесе

# О Д Л У К А

## за неизбор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2021

1. За извршител на работното место УПР 0101Б03000-Помошник раководител на сектор за контрола, Сектор за контрола во Биро за јавни набавки-Министерство за финансии**, не се врши избор.**
2. Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Бирото за јавни набавки-Министерство за финансии на ден 24.12.2021 година на веб страната на Бирото и Агенцијата за администрација објави Интерен оглас бр.01/2021 за унапредување на административен службеник на работно место УПР 0101Б03000- Помошник раководител на сектор за контрола, Сектор за контрола -1 извршител.

Со Решение бр.04-1622/6 од 31.12.2021 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување која ја спроведе постапката по објавениот интерен оглас. Комисијата за селекција за унапредување спроведе административна селекција за интерениот оглас (Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-58/1 од 12.01.2022 год.) и интервју (Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-58/2 од 18.01.2022 година).

Бидејќи интерниот оглас е за раководен административен службеник, согласно законските прописи интервјуто го спроведе раководното лице на институцијата-директорот. На интервјуто кандидатите не покажаа особени задоволителни резултати што се потребни за работното место, поради што директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата.

**Бр.** 04-58/3
**од** 20-01-**2022 год.**
**Скопје**

**Биро за јавни набавки**
**Директор**
**Борче Хаџиев**

**Доставено до:**
-кандидатите
-одд.за управување со чов.ресурси
-архива